118

Машински Факултет
Број 02-1396/5
5.07.2007 година
Скопје

Врз основа на член 140 од Законот за високото образование ("Сл.весник на РМ" бр.64/2000 год.), член 28 од Правилникот за условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје и член 31 од Статутот на Машинскиот Факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на својата редовна седница одржана на ден 5.07.2007 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за избор во наставно-научно звање редовен професор

Д-р Душан Чакмаков, се избира во наставно-научно звање редовен професор во научната област информатика и математика.

Д-р Душан Чакмаков стекнува работен однос на Машинскиот факултет во Скопје на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.

## О б р а з л о ж е н и е

Деканот на Машинскиот факултет во Скопје, на ден 3.05.2007 година, распиша конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област информатика и математика.

На конкурсот се пријави д-р Душан Чакмаков, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје.

Наставно-научниот совет на Факултетот на својата редовна седница одржана на ден 5.07.2007 година, врз основа на оценката во Рефератот на Рецензионата комисија објавена во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, број 922 од 15.06.2007 година, едногласно го избра ред. проф. д-р Душан Чакмаков, во наставно-научно звање редовен професор во научната област информатика и математика.

Со оглед дека именуваниот е избран по втор пат во наставно-научно звање редовен професор, наставно-научното звање го задржува доживотно.

Одлуката да се достави до: именуваниот, општа служба и архивата на Машинскиот Факултет во Скопје.

Д е к а н,

Проф. д-р Милан Косевски